# КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Бр. 01-46/1
Скопје, 18.01.2023

ДО:
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Во согласност со член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики и Заклучокот од 57 седница на Владата на Република Северна Македонија донесен на 23 март 2021 година, а врз основа на Решение (наш арх. бр. 03-198/2 од 26. 04. 2021) за определување одговорно лица за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) во својство на назначен Службеник за млади го поднесувам следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИТЕ

Комисијата за односи со верските заедници и рлигиозни групи (КОВЗРГ) преку својата Канцеларија за млади и во текот на 2022 година активно ги следеше сите прашања од интерес на младите и се залагаше за исполнување на политиките на Законот за младинско учество и младински политики, како и за неговата понатамошна имплементација во делокругот на институцијата преку организирање на проекти и преку активно вклучување во разни конференции и работилници поврзани со креирање на политики за понатамошно унапредување на положбата на младите луѓе во државата.

Во 2022 година, во рамки на своите надлежности КОВЗРГ во соработка во невладината организација Horizon Civitas на 17 март организираше Работилницата за меѓуверски дијалог помеѓу младите. На посочената работилница која свое учество зедоа повеќе млади членови на црквите, верските заедници и религиозни групи од државата. На работилницата свое учество зеде и Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) г-дин Даријан Сотировски, кој и се обрати пред присутните со своја презентација, како и службеникот за млади при КОВЗРГ. Работилницата беше од огромно значење за

иднината на соживотот и толеранцијата помеѓу различните верски групи во нашата земја.

Службеникот за млади при КОВЗРГ во текот на 2022 година присуствуваше на повеќе настани поврзани со младите и младинските политики. На 13 јули зеде учество на завршната конференција на проектот „DIGY – Дигиталното учество е лесно", која беше организирана од Коалицијата на младински организации „СЕГА". За време на конференцијата беше промовирана редизајнираната ОПИН алатка за континуирано младинско учество на локално ниво.

Особено значајно е да се спомне учеството на Службеникот за млади при КОВЗРГ во процесот на подготвување на новата петтгодишна Национална стратегија за млади (2023-2027). Процесот, кој започна на 17 октомври во организација на Агенцијата за млади и спорт (АМС) беше поддржан од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и од Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА). Во рамки на подготовката на Стратегијата се оддржаа повеќе работни средби.

И во текот на 2022 година, КОВЗРГ продолжи да го развива својот планиран повеќегодишен проект „Групи на пријателства" (Friendship groups) помеѓу студентите на Православниот богословски факултет (ПБФ) „Свети Климент Охридски" - Скопје и Факултетот за исламски науки (ФИН). Овој проект доби свое место и во подготвениот Акциски план на КОВЗРГ за дополнителен развој на меѓуверскиот дијалог, па се очекуваат повеќе средби на формираната младинска група на пријателство во текот на 2023 година.

*Со почит,*

Директор
м-р Даријан Сотировски

<u>подготвил:</u> помл. соработник Петар Петковски,
службеник за млади при КОВЗРГ